ПРАКСИС
Број на Службен весник:115/2015
Датум на објава на Службен весник:08.07.2015
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 49 став 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15 и 98/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште.

### Член 2

Барањето за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште се поднесува во електронска форма и ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот до кој се поднесува барањето.

2. Архивски број и датум на поднесување на барањето.

3. Назив на барањето.

4. Податоци за подносителот на барањето.

- назив на подносител на барањето,
- адреса,
- лице за контакт и телефон и
- е-маил адреса.

5. Податоци за планската документација.

- наслов на планската документација,
- технички број на планската програма,
- планер,
- нарачател на планската програма,
- намена,
- вкупна површина во планската програма,
- вкупна површина во сопственост на Република Македонија (м2),
- вкупна површина во приватна сопственост (м2),
- вкупна површина под договор за закуп на земјоделско земјиште (м2),
- вкупна површина под договор под договор за користење на пасиште (м2) и
- процена на штета од престанување на договоротза закуп на земјоделско земјиште односно договор за користење на пасишта (денари).

6. Податоци за инвеститорот (освен за Министерство за транспорт и врски и единицата на локалната самоуправа).

- инвеститор,
- адреса/седиште,
- ембг/едб и

- лице за контакт и телефон.

7. Податоци за земјоделското земјиште за кое се бара трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште.

- број на имотен лист,
- катастарска општина,
- катастарска парцела,
- викано место,
- катастарска култура,
- катастарска класа,
- сопственост,
- површина (м2) и
- вкупна површина на земјоделско земјиште предмет на трајна пренамена (м2).

8. Податоци за доставената документација (реден број, вид на документ, архивски број и датум).

- планска програма или проект за инфраструктура,
- список на индикации за катастарски парцели,
- скица на плански опфат,
- геодетски елаборат за нумерички податоци,
- потврда издадена од Министерството,
- извештај за процена на евентуална настаната штета со престанување на важење на договорот за закуп или договорот за користење на пасишта,
- изјава заверена на нотар од подносителот на барањето за надомест на штета,
- доказ за депонирани средства за исплата на недомест на штета,
- бизнис план со податоци,
- бонитет за инвеститорот издаден од Централен регистар на Република Македонија,
- извод од Тековна состојба издаден од Централен регистар на Република Македонија и
- уверение за намирени обврски од УЈП.

9. Подносител, потпис и печат.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 22-6865/6 Министер за земјоделство,
30 јуни 2015 година шумарство и
водостопанство, Скопје
м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ул. Аминта Трети 2
СКОПЈЕ

Архивски број и датум
Бр.___________________
________________ 20__ година

**БАРАЊЕ**
**ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1.Податоци за подносителот на барањето

| | |
|---|---|
| Назив на подносител на барањето | |
| Адреса | |
| Лице за контакт и телефон | |
| Е-маил адреса | |

2.Податоци за планската документација

| | |
|---|---|
| Наслов на планската програма | |
| Технички број на планската програма | |
| Планер | |
| Нарачател на планската програма | |
| Намена | |
| Вкупна површина во планската програма | |
| Вкупна површина во сопственост на Република Македонија (м$^2$) | |
| Вкупна површина во приватна сопственост (м$^2$) | |
| Вкупна површина под договор за закуп на земјоделско земјиште (м$^2$) | |
| Вкупна површина под договор за користење на пасишта (м$^2$) | |
| Процена на штета од престанување на договор за закуп односно договорот за корисење на пасишта (денари) | |

3.Податоци за инвеститорот

| | |
|---|---|
| Инвеститор | |
| Адреса/седиште | |
| Ембг/едб | |
| Лице за контакт и телефон | |

4.Податоци за земјоделското земјиште за кое се бара трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште

| Број на Имотен лист | Катастарска општина | Број на Катастарска парцела | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа | Сопственост | Површина ($м^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Вкупна површина на земјоделско земјиште предмет на трајна пренамена: | | | | | | | ( $м^2$ ) |

5.Податоци за доставената документација

| Р.број | Вид на документ | Архивски број | Датум |
|---|---|---|---|
| 1 | Планска програма или проект за инфраструктура | | |
| 2 | Список на индикации за катастарски парцели | | |
| 3 | Скица на плански опфат | | |
| 4 | Геодетски елаборат за нумерички податоци | | |
| 5 | Потврда издадена од Министерството | | |
| 6 | Извештај за процена на евентуална настаната штета со престанување на важење на договорот за закуп или договорот за користење на пасишта | | |
| 7 | Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето за надомест на штета | | |
| 8 | Доказ за депонирани средства за исплата на недомест на штета | | |
| 9 | Бизнис план со податоци | | |
| 10 | Бонитет за инвеститорот издаден од Централен регистар на Република Македонија | | |
| 11 | Извод од Тековна состојба издаден од Централен регистар на Република Македонија | | |
| 12 | Уверение за намирени обврски од УЈП | | |

Подносител,

________________________

(потпис и печат)